РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-2697/1

Скопје 28.06.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Дневен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 27-ми јуни 2020** година.

Во рамки на овој извештај Ве известуваме дека на сите радиодифузери регистрирани во регистарот на Државната изборна комисија за емитување платено политичко рекламирање им беше испратен допис во врска со примената на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година).

Мотивот за дописот беа констатираните грешки во некои медиа планови, односно разлики во декларираното во плановите и реално емитуваното на нивните програми. На сите радиодифузери им беше укажано дека медиа плановите мора да кореспондираат со податоците за емитуваното платено политичко рекламирање за да не се соочат со проблеми при исплатата на трошоците за објавувањето.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на директорот**

---------------------------------------

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**